Дивна ЛАКИНСКА - ПОПОВСКА

# ВОСПИТАНИЕТО - ОСНОВНА КАТЕГОРИЈА ВО СОЦИЈАЛНАТА ПЕДАГОГИЈА

Поимот воспитание нема едно значење. Тој го претставува и процесот на воспитанието и резултатите од тој процес. Во првата смисла, воспитанието се подразбира како систем на влијанија кои водат кон одредени посакувани резултати. По второто воспитанието претставува вкупност на веќе "формирани особини на личноста (човек "без воспитание" или "со добро воспитание")".

Предмет на проучување во овој труд е воспитанието како процес, а не како резултат, иако второто сфаќање на воспитанието (историски променливо и современо контроверзно), претставува многу интересен предмет за проучување. Воспитанието како склоп на својства, систем на влијанија, било различно сфаќано низ историските епохи, бидејќи претставува одраз на развојот и потребите на општеството во разни културни средини и е тесно поврзано со визијата за идната улога на воспитаникот во животот и во општеството.

Формирањето систем на влијанија зависи, пред сè од воспитниот идеал, кој исто како општествениот идеал се менувал во текот на развојот на општеството и културата во различни периоди од животот на луѓето.

Анализирајќи го воспитанието како процес, уште на почетокот сакаме да обрнеме внимание на неговата сложеност. Не земајќи ги предвид иманентните фактори на развојот, во воспитанието може да се издеференцираат најмалку две влијанија:

а) Влијанија кои се реализираат во воспитните институции кои имаат за цел реализирање на определен воспитен модел, и

б) Влијанија од средината.

Обично двата вида влијанија делуваат паралелно и меѓусебно се поврзани. Како резултат на тоа не се јавува само неговата сложеност, туку и тешкотиите во спроведувањето на организираната воспитна работа. Секој искусен воспитувач треба да знае, дека планирајќи ја воспитната работа, поставувајќи ги нејзините содржини и методи, т.е.

организирајќи ги влијанијата кои доведуваат до одредени промени на личноста на воспитаникот мора да го земе во вид широкиот дијапазон и влијанија кои делуваат, покрај обемот на неговата непосредна ингеренција, бидејќи делуваат на воспитаникот преку средината во која живее. Така на пример, децата и младината од училишна возраст, се под влијание на планската работа на училиштето, која има цел да ги подготви за самостоен живот во општеството. Паралелно со училишното влијание, децата и младината се и под вонучилишното влијание на семејството, групата врсници, возрасните од потесната и поширокаta околина, лектирата, радиото, ТВ и сл. Сите тие вршат големо влијание врз однесувањето и мислењето на воспитаникот и исто така влијаат врз резултатите од воспитна работа во училиштето. Затоа, кога воспитувачот ја подготвува планската воспитна работа треба секогаш да го има во предвид влијанието на многу сложените фактори кои ги условуваат резултатите од неговата воспитна работа. Тој се наоѓа во посложена ситуација отколку оние кои се занимаваат со практична дејност чиј предмет на проучување е од материјална природа. Техничарот на пример, може на многу сигурен начин да ги предвиди резултатите од своите делувања, ако неговата работа е методолошки исправна. Хемичарот во лабораторијата, исто така, може точно да ги предвиди резултатите од неговата работа. За разлика од него педагогот никогаш не може да го достигне тој степен на сигурност, бидејќи неговите резултати зависат од многу сложената вкупност на фактори кои остануваат надвор од неговото влијание.

Сложената структура на воспитанието била согледана на три начини многу одамна. Тој проблем го обработувал Флоријан Знанецки во својата многу интересна книга "Основите и границите на целисходната воспитна дејност" (Знанецки Ф, 1930).

Главни тези што ги поставил за разгледување се следните: "Секоја планска дејност мора да го користи принципот на причинско-последичната условеност, што значи секое користено средство на дејствување мора да има причина која условува соодветна последица. Овој принцип важи само во т.н. затворен систем, ограничени и одделени, во кои јасно може да се определи квалитетот и квантитетот на влијанијата кои делуваат. Таков затворен карактер имаат материјалните системи каде со адекватна примена се добиваат и методолошки беспрекорно планирани резултати" (Знанецки Ф. 1930).

Наспроти тоа, човековата личност која е предмет на воспитното делување не е неограничена, таа е секогаш под неочекувани надворешни влијанија.

Од тие погледи на Знанецки произлегува песимистичкиот став дека не е можно планирање на воспитанието, "Човековата личност, - пишува

Знанецки, во својата целокупност не може да биде предмет на целисходното воспитание" (Знанецки Ф, 1930). Но сепак, во психата на човекот се создаваат релативно постојани стереотипни системи, норми, принципи и начини на реакции. Таквите системи можат да се формираат кај човекот или да се преформираат.

Воспитанието ќе ги оствари планираните резултати само тогаш кога кај личноста, на која воспитанието се однесува, се формираат и утврдат стереотипи на мислењето и делувањето. Кај возрасните такви стереотипи се повеќе изградени во споредба со младите, тие се исто така позацврстени, бидејќи процесот на развој не е толку интензивен. Оттука произлегува заклучокот дека воспитното делување врз возрасните може да биде помалку ефикасно, отколку делувањето врз децата и младината. Но на погледите на Знанецки треба да се гледа критички. Не може да се согласиме во неговата песимистична оценка за границите на можностите на целисходната воспитна работа на децата и младината. Точно е дека нашите млади воспитаници се во период на интензивен развој, но фазите на развојот кај децата и младината ни се познати, па воспитувачот може врз основа на тоа да ги предвиди промените кои се јавуваат кај воспитаникот и тоа да го предвиди при планирањето на воспитната работа, исто така може да ја организира средината т.е. влијанијата врз воспитаникот, со цел да се формираат одредени својства и способности.

Овој факт решително го побива песимистичкиот поглед на Знанецки. Дали во врска со тоа треба да се отфрлат сомненијата на Знанецки и да се заклучи дека воспитната дејност по својата условеност се одделува од другите плански дејности? Дали пак би бил точен судот дека ако воспитувачот правилно би ја спровел воспитната работа, ќе ги добие истите резултати како техничарот чиј предмет за работа се материјалните средства? Таквото мислење не би било точно. Воспитната дејност има специфичен карактер кој произлегува од сложените воспитни структури и консеквенции, задачите и методите кои стојат пред воспитувачот и неговата работа.

За да се разјасни сложената структура на процесот на воспитанието, мораме да разгледаме и анализираме два проблема:

*Прво:* Што е специфично во воспитната дејност, за разлика од другите плански дејности или какви се специфичните карактеристики на воспитанието како планска дејност?

*Второ:* Какви услови треба да исполни целисходната воспитна дејност. Ако се согласиме дека секоја планска дејност има одредена цел на делување и планирани средства за реализирање на поставената цел, тогаш можеме да потврдиме дека планската воспитна дејност одговара на општите барања. При формулирањето на воспитната дејност, целта

на воспитанието, широчина и времето за реализација можат да бидат различни. Секоја подалечна воспитна цел ја реализираме во одредени етапи и секоја етапа има своја цел. На пример, цел на современото училиште е обезбедување основно образование на целата училишна популација, потребно за учество во општествениот живот и култура. Таа широка цел се реализира во повеќе правци и ги опфаќа сите училишни години до полнолетството. Сложениот карактер на таа дејност ја изразува структурата на училиштето; училишната програма е поделена по училишни години и предмети. Освен тоа, секоја целисходна дејност во училиштето опфаќа и други функции во процесот на подготвување на младата генерација за учество во општествениот живот и култура.

Дејноста може да се однесува на стекнување знаења, умеења и навики и тогаш зборуваме за образовна т.е. дидактичка дејност, може исто така да се однесува на формирањето на ставови и уверувања и тогаш зборуваме за формирање на својства т.е. за формирање на личноста на младата генерација. Сепак воспитната и образовната дејност се секогаш меѓу себе поврзани.

Секоја планска воспитна дејност опфаќа, покрај изразито определената цел и планиран избор на средства за делување. За секој дел од практичната дејност се изградуваат специфични сопствени методи, техники на однесување, најсоодветни, најдобри за реализација на поставените задачи.

Традиционалната педагогија ги формирала нормите на однесувањето врз основа на искуството. Во таа смисла етапите на развојот на техниките на воспитанието се аналогни на другите области од човековата дејност. Искуството е извор за добивање нови техники во воспитанието. Врз основа на искуството се формулирани нови, подобри начини и норми на однесување, се изградувале принципи кои и во современата педагогија многу често ја сочувале својата важност, пример, принципот на нагледност во образованието и принципот на свесна дисциплина во воспитанието.

Сите сознанија добиени со искуството и со посматрањето не дадоа задоволителни резултати. Во врска со тоа многу рано се појавило тежнението за запознавање на суштината на воспитниот процес и факторите кои одлучуваат за успехот или неуспехот на планската воспитна работа. Сигурно е дека тие објаснувања не можела да ги даде традиционалната нормативна педагогија чија основа било искуството и размислувањето. Дури развојот на сознанијата за човекот и општествените односи овозможиле подлабоко навлегување во суштината на воспитниот процес и проучувањето на воспитната дејност да се подигне на научно ниво. Но, исто така е тешко реско да се разграничат периодот во кој воспитната мисла била само размислување за воспитанието, од

периодот на нејзиниот развој како наука. Може само да се формулира општ суд дека парарелно со развојот на науката и воспитната практика, педагошката наука влегла во фаза на развој кога научните принципи постануваат основа во практиката.

Во рамките на знаењата за човекот и општеството се појавила сложеноста на воспитните процеси, како процеси во кои се интегрирани многу разновидни влијанија и чинители. Таа состојба довела до познатите теории на факторите за формирање на личностите, барајќи место во научната интерпретација на воспитните процеси.

Прашање е дали и во колкав обем воспитните процеси имаат влијание од биолошките фактори? Дали и во кој обем воспитните процеси се резултат на делувањата на средствата? Какво е влијанието на културните вредности врз развојот на човекот? Каква е улогата на планското воспитно влијание?

Во рамките на овие проблеми се создала жестока дискусија меѓу педагозите и се јавиле многубројни обиди за нивно решавање. Врз основа на тие дискусии се појавиле разни правци во современата педагогија од кои најпознати биле: психологистичкиот, социологистичкиот, натуралистичката концепција и др.

Основа на психологистичко-педагошкиот правец бил процесот на индивидуалниот раст и развој, а пред сè, врз основа на генетиката; Социологистичкиот-педагошкиот правец, пред сè, се развивал врз основа на влијанието од средината. Овие два ривалски правци оставиле голем белег во историјата на педагогијата.

Натуралистичката концепција на воспитанието чиј претставник е Жан Жак Русо се залагала за воспитание во природа, на село. Урбанизацијата и индустријализацијата во современото општество создаваат нови можности во развојот на воспитната работа. Воспитната работа како и секоја област на планската дејност се труди да реализира одредени цели, со помош на планско одобрени методи и содржини, т.е. средства за работа.

Иако денес воспитната дејност ги искористува достигнувањата на современите знаења за човекот и за општествените односи, сепак воспитанието претставува многу сложен и комплициран процес, бидејќи не може да се проучува како област на изолирани влијанија кои делуваат независно и одвоено од општите состојби. Тоа е суштината и специфичноста на карактеристиките на воспитната работа (дејност), со што се разликува од другите плански дејности и пред организаторот на воспитната работа, поставува посебно тешки задачи.

Вториот проблем - какви услови треба да исполни планската воспитна дејност, за да може до највисоко ниво да ги реализира очекуваните резултати? Одговорот на ова прашање не е лесен.

Воспитната дејност е многу разновидна. Секоја воспитна ситуација е на некој начин неповторлива, бара специфични и посебни решенија, ги зема во предвид специфичните чинители за одредени услови и одредени детални ситуации. Во таа смисла тешко може да се формулира општ принцип кој претставува услов за успех во воспитната работа.

За да се постигне успех во воспитната работа т.е. за да се остварат намерни резултати треба планската воспитна работа да биде најцврсто поврзана со целокупното влијание врз воспитаникот.

Многу фактори кои ја детерминираат ефикасноста на воспитната работа се наоѓаат во средината каде младите живеат. Во планската воспитна работа не е можно, а да не се земат во предвид тие фактори. Човекот претставува неделива целина, воспитувачот не може да го третира воспитаникот само како предмет на својата воспитна работа, не може да го третира детето само како "ученик" односно "воспитаник", не гледајќи едновремено, дека тоа е дете на конкретни одредени родители, член на конкретно семејство, член на конкретна група врсници и член на поширокатa општествена заедница. Влијанијата на одредени средини во животот на детето: училиштето, домот, групата на врсници, општествената средина на село, во град или во месната заедница, кругот на одредени социјални контакти не се изолирани. Тие влијанија се во целина меѓусебно тесно  поврзани и ниедна од нив не може да се оддели од другите. Затоа, на пример, воспитувачот не може кај детето да ги изгради принципите на искреност, учтивост, друштвеност, ако влијанијата надвор од училиштето го поттикнуваат (го учат) на лажење, неучтивост, егоизам. Можностите кои условуваат ефикасност на работата во училиштето или во воспитните институции само преку усовршување на методите во образованието или во воспитанието, во рамките на институцијата се ограничени.

Тезата за потребата од интеграција на воспитната работа во училиштето и со планското формирање на средината каде живее ученикот била формулирана одамна, како преку социологијата на воспитанието (Знанецки Ф.), така и преку педагогијата (Радлинска Х). Тие ги проучувале постулатите кои имаат воспитен карактер врз основните социјални групи како: семејството, групата врсници, локалната средина, укажувале не само на позитивните консеквенции на тие влијанија, туку исто така и на потребите од нивно сублимирање или извршување на одредени компензациски задачи.

Во современото општество поимот општествена средина не може да се затвори во категориите на основните социјални групи. Развојот на општествено-економските односи исто како и развојот на културата бараат да се земат во предвид меѓу факторите кои ја формираат човековата поврзаност со културните добра, а исто така и влијанијата

поврзани со политичкото уредување. Врз промената на карактерот на врските на човекот со културните добра влијаел пред сѐ развојот на средствата за масовна комуникација. Книгата, печатот, радиото, ТВ постануваат достапни и ги пренесуваат достигнувањата на современата култура како никогаш досега и на најшироките кругови луѓе, со различен степен на образование и ниво на културниот живот. Оваа нова состојба на планирање и популаризација на културата од корен го променува традиционалното сфаќање за планската воспитна работа.

Информациите кои денес доспеваат до сите професионални средини, до сите општествени заедници вршат одредено влијание врз луѓето. Тие со посебна сила се одразуваат врз младите поколенија и за нив претставуваат извор на интензивни воспитни влијанија.

Какви консеквенции произлегуваат од планската воспитна работа? Може да се каже следното: Планската воспитна работа на учителот - воспитувачот, а исто така и влијанието на средствата за масовна комуникација и на општествено-политичката заедница мора да егзистираат како поврзани системи кои меѓусебно делуваат во реализација на задачите кои се поставени пред воспитанието.

Воспитанието во таа смисла мора да има динамичен карактер т.е. за добиените резултати не се заслужни само воспитните влијанија, ниту треба да се остане само на изградените ставови и знаења, туку младите треба да се оспособат и за самостојна надградба. Воспитанието не може да се сфати како затворен процес во рамките на воспитанието. Сепак, за да може воспитувачот да ги изгради саканите особини на личноста кај своите воспитаници, искуствата добивани надвор од училиштето, во конкретните животни ситуации, мора да бидат во согласност со содржината на принципите и нормите кои ги исполнува училиштето.

Училиштето е главна воспитна институција, но освен неа е потребно да се изгради мрежа на воспитни институции кои ја помагаат или ја дополнуваат нејзината работа, културни и социјални ситуации (клубови, советувалишта, младински центри и сл.).

Задачи на тие институции и установи се задоволување на потребите на децата и младината во разни периоди од нивниот развој.

На крајот треба да се истакне дека е потребно да се прошири тесната специјализација на наставниците. Тие го концентрираат своето внимание само на предметите кои ги предавале, но денес училиштето претставува отворена институција, па разните влијанија кои делуваат врз младите мораат да најдат место во процесот на наставата и воспитувањето. Во рамките на таа улога задачите на училиштето може да се групираат во три концентрични круга. Првиот круг ја опфаќа воспитно-дидактичката работа во наставата (каде наставникот ја реализира воспитно-образовната работа во наставата). Вториот круг се

задачите надвор од наставата, во областа на проширувањето на знаењата на учениците во врска со нивните интереси во рамките на разни слободни активности (секции, кружоци). Третиот круг, најширок, е поврзан со делувањето на наставникот во средината надвор од училиштето и се однесува на улогата на педагогот во организацијата, контролата на средината, соработката со воспитните институции надвор од училиштето и сл.

Од вака сфатениот обем и задачи на воспитанието произлегуваат следните заклучоци:

а) Воспитанието е присутно во сите фази од животот на човекот (во детството, младоста, кај возрасните и кај старите лица). Секоја од тие фази се одликува со посебен вид грижа, компензација и превентива, во секоја фаза човекот влегува во нови кругови и општествени групи и мора да ги учи новите општествени улоги (на пример, улога на мајка, директор, делегат). Во секоја фаза од животот погледот се свртува кон нови вредности: интелектуални, уметнички итн. Оттука произлегува дека "*воспитанието е корисна и важна дејност во текот на целиот живот на човекот*".

б) Следниот заклучок претставува потребата од проширување на интенционално-воспитните кругови надвор од традиционалната воспитна средина. Како што гледаме, педагошкото сфаќање на воспитанието се разликува од социолошкото ("социјализација"), кое го разликува интенционалното воспитание од неинтенционалното, што значи дека за педагогот основен критериум на воспитанието е целисходното, планското и интенционалното воспитание, за што служат одредени институции (училишта, детски домови и др.). Со проширувањето на обемот на воспитанието се поставува барање за проширување обемот на воспитанието во многу институции и установи кои досега биле лишени од таквата дејност (пример во советувалишта, болници, музеи, детски и младински клубови, културно-уметнички друштва, претпријатија и локалната средина).

в) Со проширувањето на круговите (обемот) на интенционалното воспитание се проширува и сфаќањето за улогата на воспитувачот. наспроти традиционалното сфаќање дека само наставниците и воспитувачите се педагошки кадар, се јавуваат други професии кои треба да поседуваат педагошки знаења и квалификации, како на пример, културно-просветните работници, вработените на ТВ, радиото, печатот, социјалните работници, инструкторите во вонучилишните воспитни установи.

Покрај тоа се сретнуваме со воспитувачи-волонтери кои вршат доброволна социјална дејност во културно-просветните, рекреативните и социјално-заштитните институции, во општествените и општествено-

политичките организации, во локалната самоуправа и во работните организации. На сите нив, за успешно извршување на нивните задачи им се потребни основни педагошки знаења.

Педагошки знаења се потребни и на реализаторите на посредното воспитание, како на пример, на редакторите на образовната програма, писателите, поетите, режисерите, глумците, издавачите и уметниците.

Воспитувањето е домен на сите кои воспитуваат. Со диференцијација на компетенциите, разликуваме: 1) професионални воспитувачи, кои ги стекнале своите квалификации во текот на стручната педагошка подготовка и студирање, и 2) воспитувачи во поширока смисла на зборот кои во рамките на својата примарна професија остваруваат и воспитни функции. Тие на краткотрајни курсеви се оспособуваат за прашањето на воспитните активности во своите професии, а исто така се упатуваат и оспособуваат за користење на педагошката литература; 3) воспитувачи-доброволци...

г) Последниот заклучок се однесува на зголемувањето на активноста за самообразование, без што не може да се замисли ни паралелното воспитание, ниту другите видови воспитание. Големиот развој на средствата за масовна комуникација овозможува самообразование на луѓето со различно ниво на образование. Самообразованието не е само интелектулната активизација, туку, исто така и уметничката, техничката, моралната, политичката, фискултурната и др. Цел на самообразованието не е само владеење со одредени знаења, туку и стекнување способности потребни во животот.

Социјалната педагогија во однос на обемот т.е. широчината на воспитанието остварува три круга воспитна работа:

1. Комуникација на воспитувачот со воспитаникот засновани на заемна индивидуална воспитна работа;

2. Воспитание во група, кога воспитувачот респектирајќи ги социјално-моралните норми, работи на унапредувањето и интеграцијата на поединецот во групата и со групата како целина.

3. Воспитна работа насочена кон подобрување на средината, со силите и настојувањата на луѓето кои ја сочинуваат таа средина. Овој вид воспитание го преферира социјалната педагогија, т.е. двата нови видови воспитание - индивидуалната работа на воспитувачот и воспитаникот, и работата на воспитувачот со група, во социјалната педагогија имаат само помошна функција, додека третиот вид воспитна работа има основна функција.

Во третиот вид воспитувачот има посебни задачи, да ја проучува воспитната средина и да ја унапредува. Тој не треба да биде ниту диригент, ниту манипулатор на луѓето, туку инспиратор, покренувач и помагач на разновидните активности со воспитно-културен карактер.

ЛИТЕРАТУРА

1. Врочински Р., Педагогика сполечна, Варшава, 1979
2. Знаницки Ф., Педагогика сполечна, Варшава, 1930
3. Камински А., Функције педагогике сполечнеј, Варшава, 1979
4. Самоловечев Б., Основи на андрагогијата, Скопје, 1981
5. Теис В. Радлинска, Варшава, 1984

Divna LAKINSKA POPOVSKA

## EDUCATION AS A BASIC CATEGORY OF SOCIAL PEDAGOGY

(Summary)

Education, as a process, is a very important part of Social Pedagogy. It consists of two parts: Socio-educational influence in the educational institutions and social educational influence within the community. This wider frame of social pedagogy allows us to draw several conclusions:

1. Education has phases in human life;

2. It is an imperative that education in this country should depart from the traditional educational instutitions;

3. The role of teachers and pedagogues ought to be made wider.

Social pedagogy accomplishes its goals in three circles: individual sociopedagogical work, group socio-pedagogical work and community socio-pedagogical work.